РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 08-215/12
17.12.2025 год.
РАНКОВЦЕ

**До**
**Министерство за локална самоуправа**
**Скопје**

**Предмет: Доставува Службен гласник бр.12/2025**

**Почитувани,**

Согласно Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Р.М.‘‘ бр.05/2002и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), во прилог Ви доставуваме Службен гласник на Општина Ранковце бр.12/2025.

**Прилог: Службен гласник**

**Изработил: Наташа Нешевска**
**Контролирал: Ленче Добрашиновиќ**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски**

# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
**на**
**Општина Ранковце**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Ранковце<br>Издавач: Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година  XXVI  број  12<br>15 Декември 2025 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/1**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 32 и 36 став (1) алинеја15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.2/05 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.22/24 ), и член 23 став (1) алинеја 40 и член 33 од Статутот на Општина Ранковце („ Службен гласник на Општина Ранковце “ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 3-та седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**Одлука**

**За формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година.

**Член 2**

Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2025 година се формира како привремена Комисија на Советот на Општина Ранковце која ја изработува Програмата за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година.

**Член 3**

Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 престанува со работа кога ќе ја изврши задачата за која што е формирана односно кога ќе ја изработи Програмата за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година.

**Член 4**

Комисијата е составена од 5 (пет) члена.

Членовите на Комисијата се избираат од редот на членовите на Советот на Општина Ранковце.

**Член 5**

За Претседател на Комисијата се избира:
- Ненад Петковски

За Членови на Комисијата се избираат:
- Валентина Тоневска;
- Давид Митковски;
- Анастасија Илиевска; и
- Ангела Марковска.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осум) дена од денот на објавување во Службен гласник на Општина Ранковце.

**Бр.09-1502/3**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за разрешување и именување на Командат на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце**

1. Се прогласува Одлуката за разрешување и именување на Командат на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Одлуката за разрешување и именување на Командат на Штабот за заштита и спасување, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1541/2**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „ Службен весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 110 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ„ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ” бр.215/21) и член 12 став 1 од Уредбата за пополнување на резервниот состав на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.18/06) и член 2 од Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.124/06 и 34/10), Советот на Општина Ранковце, на 3-та седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување и именување на Командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце**

член 1

Од должноста Командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце се разрешува Борче Спасовски, а на негово место се именува Даниел Павловски, Градоначалник на Општина Ранковце.

член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце”.

**Бр. 09 – 1502 /4**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година**

1. Се прогласува Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/3**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24 ), член 26 став (1) алинеја 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија “ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21 и 111/23) и член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11 и 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 3- та седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## За резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година

**член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година, за надомест на недвижен имот – земјиште утврдено во Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за експропријација за К.О. Псача и К.О. Петралица бр.336/3-2019 од 18.11.2019 година, изработен од Друштво за геодетски работи, проектирање, инжинеринг и консалтинг ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје, врз основа на Основен проект за изградба на општински пристапен пат Псача – Дикина Маала – Радуев Рид КМ 2+400 до КМ 3+735,11 со Тех.бр.19-79/11 од Декември 2011 година, а изградбата на истиот претставува јавен интерес утврден со закон.

**член 2**

Вкупниот износ на средства планирани за експропријација за оваа намена се утврдени на износ од 485.600,00 денари. Средствата се резервираат во Буџетот на Општина Ранковце, од Програмата ЈД- изградба и реконструкција на локални патишта и улици, ставка 485 - вложување и нефинансиски средства, потставка 485420 - надомест за одземен имот.

Износот на средствата за експропријација е утврден во следниве извештаи:
-Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/2 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/3 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/4 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/5 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;

- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/6 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/7 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/8 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/9 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/10 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/11 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/12 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/13 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/14 од 09.05.2025, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/15 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/16 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/17 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/18 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/19 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/20 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/21 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;

- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/22 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/23 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/24 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/25 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/26 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/27 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/28 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/29 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/30 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/31 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/32 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/33 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/34 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/35 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/36 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;
- Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-84/37 од 09.05.2025 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид;

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1502/5**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во Општина Ранковце за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во Општина Ранковце за 2026 година донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/4**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија“ бр.193/16, 72/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/22) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**За уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2026 година**

Вовед:

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедувањена непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосверска канализација, електрична и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Програмата за уредување за градежно неизградено земјиште и одржување на комуналната инфраструктура во Општина Ранковце за 2026 година во основа ги конкретизира задачите кои во изминатиот период не се завршени, оние за кои се превземени почетни активности во текот на 2025 година, а ќе бидат реализирани во наредниот период и се неопходни за реализација на урбанистичките планови во Општината и активности кои имаат итен и неодложен карактер.

Уредувањето на градежното земјиште во рамките на подрачја утврдени со Урбанистичките планови, урбанистичките планови за вон населените места ќе го врши Општината.

Програмата за уредување на градежното земјиште особено содржи податоци за:

1. Просторот кој е предмет на уредување;
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекит на основната и секундарна инфраструктура;
4. Изворите за финансирање на Програмата;
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
6. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и негова распределба;
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
8. Динамика на извршување на Програмата.

## 1. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Градење на објект се врши на уредено градежно земјиште. Уредување на градежното земјиште утврдено со Урбанистички планови, урбанистичките планови врши Општината, а доколку Општината не го уредува земјиштето, истото го врши инвеститорот на сопствен трошок за што не плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште се врши врз основа на Програма.

Експропријација на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа на земјиште, згради и други објекти (недвижности) заради изградба на објекти на инфраструктурата предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште се врши во корист на Општината, а на трошок на Општината.

Под уредување на градежно земјиште се пордазбира изградба на објекти од инфраструктурата заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона, електрична и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела. Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно.

Во 2026 година уредување на градежното земјиште ќе се врши според оваа Програма и ќе бидат третирани следните локалоитети :

А. Населени места каде што има Урбанистичко планска документација:

1. Урбанистички планови за вон населени места:

- с. Гиновци (локалитет Парк ) , с. Ранковце (локалитет Круво Крушче) , с. Пклиште Урбан Блок 1 и Урбан Блок 2, с. Радибуш м.в. Левковци и УПВНМ Гиновци со намена Е1.13.

2. ДУПД (Државна Урбанистичко Планска Документација) и ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документација), Урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план.

В. Населени места каде што има Општи акти што ги заменуваат плановите и тоа за следните населени места:
- Ранковце, Опила, Љубинци, Петралица и Псача.

## 2. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**I.** Подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните работи:
1. Изготувуање на урбанистички планови
2. Изработка на техничка документација
3. Извршување на основни геомеханички испитувања
4. Решавање на имотно-правните односи со поранешните сопственици.

II. Расчистување на градежно земјиште се врши за:
-Основна инфраструктура, основни сообраќајници и објекти (вовдоводна, канализациона и електрична мрежа).

III. Опремување на градежното земјиште
Под опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации од колективно и индивидуално значење надвор од локацијата ќе се сметаат следните работи:
- Проектирање и изградба на улици надвор од локации односно приспособување на постојниот пристапен пат и обезбедување пешачки пристап до објектот;
- Кога се решава пристап само за една индивидуална стамбена зграда, сопственикот гради сам а добива само помош;
- Проектирање и изведба на водоводна мрежа 30 m до местото на приклучување;
- Проектирање и изведба на фекална канализација 30 m до местото на приклучување;
- Проектирање и изведба на ниско напонска електрична мрежа 30 m до објектот;

IV. Трошоците за дворно уредување, потпорни и обложни ѕидови, пристапни патеки и дворни зеленила се на терет на инвеститорот.

## 3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под степен на уредност на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура со задоволување на

заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

Степенот на уредност на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**Основен степен** на уреденост на градежното земјиште со комуналана инфраструктура опфаќа: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоар), пешачки патеки и други површини соoглано урбанистичките планови, подземна електрична мрежа, улично осветлување, водоводна мрежа, фекална и атмосверска канализација.

**Повисок степен** на уреденост на градежното земјиште со комнална инфраструктура опфаќа дополнителана опременост на градежното земјиште со останатите објекти на комуналната инфраструктура:

- ПТТ (оптичка телекомуникациона) мрежа;
- Топлификациона мрежа;
- Паркинг простори;
- Гасоводна мрежа;
- Пречистителна станица за отпадни води;

**Понизок степен** на уреденост на градежното земјиште со комуналната инфраструктура опфаќа:

- Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
- Сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа);
- Септичка јама (нема приклучок на фекалан канализација);
- Сопствен одвод на атмосверски води (нема приклучок на атмосверка канализација);
- Нестандардно улично осветлување;
- Надземна нестандардна електрична мрежа;

Степенувањето на уреденост на градежното земјижте до границите на градежната парцела се врши според изграденоста на следните објекти од комуналната инфраструктура:

- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат
- Изградба на електрична мрежа
- Изградба на водоводна мрежа
- Изградба на фекална канализација

Во 2026 година уредување ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат третирани повеќе локалитети во Општината.

## I. Изработка на техничка документација

A. Техничка документација за канализација:

- Докомплетирање на техничка документација за канализација за населено место Опила;
- Основен проект за повеќе краци од канализација во с. Ранковце;
- Техничка документација за реконструкција на главен колектор на канализациона мрежа во с. Ранковце од мост на железничка пруга до Крива Река ;

B. Техничка документација за улици и патишта:
   - улица во с. Опила-маала Каваклија во должина од 1 км;
   - улица во с. Ранковце (Ќурчиина маала-Миташкова маала) во должина од 300 м.;
   - Локален пат с. Ранковце (млин-експресен пат)

C. Техничка документација за изградба на спортски објекти и уредување на јавни површини:
   - с. Псача (локација до Магистрален пат А2);
   - с. Гиновци (локација до бентомачки пат);
   - с. Псача (Спортски центар );
   - с. Опила до мост на Крива Река
   - с. Ранковце (локација на спортски центар)

D. Техничка документација за регулација на водотеци:
   - с. Псача, река Псачница во должина од 400 м;
   - с. Ранковце Ранковачка река
   - с. Гиновци - Јабучки дол
   - с. Опила Ќурлачки дол

E. Изработка на инфраструктурни проекти за објекти од комуналната инфраструктура и тоа патишта, водоводи и канализации

F. Изработка на техничка документација за адаптација и реконструкција на објекти во сопственост на Општина Ранковце

**II. Изградба на улици и патишта**

- Реконструкција на локален пат  село Псача село Одрено во должина од 1776 метри, финансиран од Светска банка преку Министерство за транспорт и врски;
- Локален пат с. Опила (А2-Крива Река)
- Улица во с. Гиновци (А2-Јабучки дол)
- Улица во с. Гиновци (А2-Мандиница)
- Локален пат во с. Љубинци (автобуска постројка-пруга)
- Локален пат с. Псача-с. Одрено
- Локален пат с. Псача-Радева маала
- Локален пат с. Псача-Циганска маала.

**III. Изградба на водоводи**

- Зафаќање на нови извори и довод на вода за подобрување на водоснабдување на с. Ранковце и с. Радибуш;
- Изградба на дел од водоводна мрежа во село Псача;

**IV. Изградба на канализации**

- Изградба на таложник за фекална канализација во с. Љубинци;
- Изградба на канализација во с. Опила;
- Изградба на канализација во с. Псача (Псачко поле)

V. **Изградба на мостови и регулации**

- Изградба на регулација на Голем Дол во с. Ранковце -2 фаза

VI. **Одржување на улици и патишта**

1. Санација на постојни улици и патишта
2. Одржување на постојни улици и патишта преку чистење на одрони, одржување и изградба на канавки за одвод на атмосверски води и слично.

VII. **Спроведување на експропријација**

Експропријација на земјиште се врши само за реализација на деталните урбанистички планови за населените места за изградба на објекти на инфраструктурата.

## 4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Средства од надоместок за уредување на градежно неизградено земјиште (комуналии)...............................................1.000.000,00 денари
- Средства од отуѓување на градежно земјиште ...................... 100.000,00 денари
- Средства од надоместок за утврдување на правен статус на Бесправно изградени објекти .......................................100.000,00 денари
- Министерства од Влада на РСМ, Агенции и фондови..... 29.000.000,00 денари
- Средства од Јавно претпријатие за државни патишта..........800.000,00 денари
- Средства од Општина......................................................................2.500.000,00 денари

**Вкупно: 33.500.000,00 денари**

Средствата за уредувањето на градежното земјиште и средствата за употреба на градежното земјиште се приходи на Општина Ранковце и се уплатуваат на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 159 06511 и претходна шифра 717 137 НБ на РМ.

## 5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Со оваа Програма ќе бидат опфатени следните населени места Ранковце, Петралица, Гиновце, Псача, Опила, Љубинции Пклиште. Во овие населени места постојат инфраструктурни објекти кои во изминатите а и оваа година се градат од донации или други фондови. Надоместокот за уредување на градежното земјиште се користи како сопствено учевство при добивање на донации, републички средства, како и во поединечни потреби за изградба на делови од канализациона мрежа, водоводна и електрична, при нивно проширување, пробивање на патишта, потпорни ѕидови, регулација и слично, односно подобра инфраструктура и подобро живеење.

Земајќи во предвид да голем процент на земјиштето е во приватна сопственост, неможе да се очекува прилив на средства од трошоци за уредување на градежно земјиште од доделување на нови локации во сопственост на РМ.

Приливот на средства би бил од нови градби, доградби, надградби на постојните објекти.

Вистинските калкулативни износи за уредување на градежното земјиште би биле:

-Проектирање 5,00 денари/m2 НКП

-Изработка на сообраќајници, пробивање и тампонирање 125 ,00денари/ m2 НКП

-Водоводна мрежа 220,00 денари/ m2 НКП

-Канализациона мрежа 342,00 денари/ m2 НКП

-Електрична мрежа 454,00 денари/ m2 НКП

-Имотно-Правни работи 124,00 денари/ m2 НКП

**Вкупно: 1270,00 денари/ m2** НКП

Овој износ доколку има група на куќи на една улица, би бил сепак добар за горе наведената инфраструктура. Но земајќи во предвид дека тоа ќе бидат поединечни случаи една на една, друга на друга локација, изградбата на инфраструктурата ќе биде неостварлива.

Од тиа причини се предлага да тој износ биде многу помал од реалниот, односно целиот простор предвиден за уредување е поделен на три зони и тоа:

**I-ва зона** опфаќа населено место Ранковце каде има Урбанистички план, урбанистички план за вон населено место, локално урбанистичка планска документација (ЛУПД) и Општ акт што го заменува планот.

**II-ра зона** ги опфаќа населените место Гиновци и Петралица, каде има Урбанистички план, урбанистички план за вон населено место, локално урбанистичка планска документација (ЛУПД) и Општ акт што го заменува планот.

**III-та зона** ги опфаќа останатите населени места Опила, Љубинци и Псача, каде има Урбанистички план, урбанистички план за вон населено место, локално урбанистичка планска документација (ЛУПД) и Општ акт што го заменува планот.

**IV-та зона** ги опфаќа останатите населени места кои не се опфатени во прва, втора и треата зона каде има Урбанистички план, урбанистички план за вон населено место, локално урбанистичка планска документација (ЛУПД).

Во текот на 2026 година висината на надоместокот според горенаведедите зони за изградба на колективи и индивидуални стамбени згради во Општина Ранковце се наплатува 1 м2 корисна површина и ќе изнесува:

I-ва зона---------------------------------------- 400,00 ден/ m2
II-ра зона---------------------------------------- 350,00 ден/ m2
III-та зона----------------------------------------300,00 ден/ m2
IV-та зона----------------------------------------250,00 ден/ m2

Висината на средствата за комунално уредување за изградба на деловен простор према одредените зони во Општината Ранковце ќе изнесува:

I-ва зона---------------------------------------- 600,00 ден/ m2
II-ра зона-----------------------------------------500,00 ден/ m2
III-та зона----------------------------------------450,00 ден/ m2
IV-та зона----------------------------------------400,00 ден/ m2

Висината на средствата за комунално уредување за изградба на објекти со намена Г–производство, дистрибуција и сервиси, во сите зони во Општината Ранковце ќе изнесува: **5.000, 00 денари/м2.**

## 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

(1) Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степеност на уреденост на градежното земјиште се пресметува по метар квадратен на неговата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

**1. За станбени објекти:**
- станбени простории, 1,0;
- станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
- логија затворена од три страни, 0,4;
- подлогија затворена од две страни, 0,3;
- балкони, тераси, 0,2;
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
- трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот, 0,3;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;
- стражарница, управител, простории за одмор, 0,5;
- паркиралишта и гаражи, 0,1.

**2. За деловни и јавни објекти**
- простории, 1,0;
- магацини, 0,5;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;
- трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот, 0,4;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;
- паркиралишта и гаражи, 0,1;
- логија затворена од три страни, 0,5;
- подлогија затворена од две страни, 0,4;
- балкони, тераси, 0,3;
- отворен наткриен простор, 0,3;

**3. За други објекти**
- катни гаражи, 0,05;
- спортски покриени објекти, 0,5;
- спортски откриени објекти, 0,3;
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;

- отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата, 1,0;
- базени, 0,2 и
- трафостаници над 35 КВ, 1,0;

**4. За објекти од група на класи на намена Г–производство, дистрибуција и сервиси:**

- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,05;
- Г3 сервиси, 0,05;
- Г4 стоваришта, 0,05;

**5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини** (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории):

- продажни простории на бензинските пумпни станици, 1,0;
- услужни простории на бензинските пумпни станици, 1,0;

**6. За објекти од група на класи на намена Б 5 –** угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намена А 4 – хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:

- сите простории, 0,05;

**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:**

- сите простории, 0,05;

**8. За објекти за високо образование**:

- сите простории, 0,5;

**9. За објекти за култура:**

- сите простории, 0,01;

**10. За објекти за терцијална здравствена заштита:**

- сите простории, 0,05;

**11. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, коефициент 0,01.**

**12. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), коефициент 0,01.**

(2) По исклучок од став (1), во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната на лифтовите;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство.

(3) За објекти од став (1) со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2).

(4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредувањето на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2).

(5) За објекти од група на класи на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси висината на трошоците за уредувањето на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4.

(6) За линиски инфраструктурни објекти-државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на Советот на општината, согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

- за сите објекти по 60 денари по метар должен.

**(7) „За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува за површина на градежна парцела и ќе изнесува 3000 денари/м2, помножена со утврден коефициент и утврден попуст даден во проценти.“**

**(8) „За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 5000 денари/м2 за градежна парцела помножена со утврден коефициент.“**

**(9) „За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 600.000 денари за една ветерница.“**

## 7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

I. Изработка на техничка документација ........................................ 1.000.000 денари

II. Изградба на улици и патишта ............................................................ 11.000.000 денари

III. Изградба на водоводи ..................................................................10.000.000 денари

IV. Изградба на канализација.........................................................................10.000.000 денари

V. Експропријација.................................................................................................. 900.000 денари

VI. Ревизија на урбанистички и основни проекти ................................. 150.000 денари

VII. Надзор на изградба на објекти................................................................ 200.000 денари

VIII. Изработка на геодетски елаборати.................................................... 400.000 денари

**Вкупно: 33.500.000 денари**

## 8. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Работите предвидени со Програмата за утврдување на градежно неизградено земјиште и одржување на комуналната инфраструктура ви Општината Ранковце за 2026 година ќе се извршуваат по обезбедување прилив на средства и во зависност од средствата за кој вид на работи се наменети ќе биде извршувана соодветната работа од Програмата.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Службен гласник на Општина Ранковце", а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 09-1502/6**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2026 година донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1541/5**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" бр.193/2016) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2026 година**

Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2026 година ќе ги опфати активностите кои што беа планирани да се реализираат со Програмата за 2025 година а не се реализирани и нови активности кои што се планираат да се реализираат во 2026 година.

Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа се планира да се реализира со дел од средствата што ги добиваме од Јавно претпријатие за државни патишта, средства од Владата на Република Македонија, и средства од Буџетот на Општина Ранковце.

**П Р И Х О Д И:**

**1. Средства од Јавно претпријатие за државни патишта ............. 1.000.000,00 денари**
**2. Средства од Биро за регионален развој ......................................... 10.000.000,00 денари**
**3. Средства од Влада на РСМ........................................................................ 25.000.000,00 денари**
**4. Средства од буџетот на Општината.................................................. 5.000.000,00 денари**

---

**Вкупно: 41.000.000,00 денари**

**А. На следнава патна мрежа-патни правци ќе се изврши дотерување на нивелетата, тампонирање, одводнување и асфалтирање.**

1. Локален пат с. Опила (Каваклија-Црква Свети Никола)
2. Локален пат с. Псача-Дикина маала
3. Локален пат с. Одрено-Брбовска маала
4. Локален пат с. Петралица (школо-Карапанцина маала-Бошанова маала)
5. Локален пат с. Отошница од клучка на експресен пат до асфалтен пат во Отошница
6. Локален пат с. Радибуш од Продавница до над школо
7. Локален пат с. Петралица од главна улица до Карамановци
8. Локален пат с. Ветуница блидешка река

**Б. На следните патни правци се планира изработка на техничка документација**

1. Локален пат с.Петралица-с. Баратлија (докомплетирање на техничка документација)
2. Локален пат с. Милутинци до црква
3. Локален пат с. Псача А2-Манастир Свети Никола
4. Локален пат с. Псача (Дамјанска маала)
5. Локален пат с. Радибуш од Продавница до над школо
6. Локален пат с. Опила- маала Каваклија

7. Локален пат с. Петралица од главна улица до Карамановци
8. Локален пат с. Ветуница –Пуцкина маала
9. Локален пат с. Ветуница, блидешка река

**Р А С Х О Д И:**

**А. Патни правци на кои ќе се врши дотерување на нивелета, тампонирање, одводнување и асфалтирање ............................ 39.000.000,00 денари**

**Б. Патни правци на кои се планира изработка на техничка Документација .................................................................................... 1.000.000,00 денари**

**В. Ревизија на техничка документација ............................................ 150.000,00 денари**

**Г. Надзор над изградба на објекти ....................................................... 250.000,00 денари**

**Д. Геодетски Елаборати ......................................................................... 600.000,00 денари**

---

**Вкупно: 41.000.000,00 денари**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 09-1502/7**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за активностите на Општина Ранковце во областа на заштита на животната средина во 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2026 година донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/6**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 23 од Статут на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## За активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2026 година

## I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Ранковце за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животната средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Општа цел на Програмата:**

- Да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа на заштита на животната средина;
- Прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница.

**Специфични цели на Програмата:**

- Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината;
- Утврдување и оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадувањето на животната срдина;
- Систематизирано спроведување на постојни подобрувања со постојниот систем за управување со отпад во општината;

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во текот на 2026 година ќе бидат насочени кон:

1. Регионално управување со отпад односно приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад. Со оваа активност ќе се подобри услугата во управувањето со отпад а нејзиното започнување ќе зависи од барањата на Североисточниот плански регион;
2. Изработка на еколошка проектна документација за инфраструктурни објекти и проекти чиј инвеститор е општината: Елаборати за заштита на животна средина, Студии за оцена на влијание врз животната средина, како и изработка на Стратешки оценки за влијание на животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документација и донесување на стратешки планови од различни области.
3. Чистење на диви депонии на територијата на општина Ранковце. Со овој проект се планира чистење на дивите депонии на територијата на општина Ранковце заедно со комуналното претпријатие ЈКП Чист ден Ранковце, изработка и поставување на табли за забрането фрлање на отпад на јавни површини како и

воспоставување на соодветен мониторинг и систем на казнување за прекршителите кои создаваат диви депонии.

4. Уредување на зелени површини. Целта на овој проект е спроведување на активности за уредување на зелени површини на локации на територијата на општина Ранковце.
5. Печатење на пропагандни материјали за подигнување на јавната свест на граѓаните при постапување со отпадот, организирање на основните предуслови за воведување на селективно собирање на отпадот, постапување со хаварисани возила, како и спречување на појава диви депонии на територијата на општината.

Табеларен преглед на активности:

| **Реден број** | **Заштита на животна средина -проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| **1** | Регионално управување со отпад | / |
| **2** | Проектна документација за животна средина | 140.000,00 |
| **3** | Чистење на диви депонии на територијата на општина Ранковце | 200.000,00 |
| **4** | Уредување на зелени површини | 150.000,00 |
| **5** | Печатење на пропаганден материјал | 10.000,00 |
| **ВКУПНО:** | | 500.000,00 |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамките на оваа Програма во вкупна вредност од **500.000,00** денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, од надоместокот за поседување на Б-интегрирани еколошки дозволи, Дозволи за усогласување со оперативен план и од други такси и надоместоци.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09-1502/8**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2026 година донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/7**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија“ бр.193/16, 72/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/22) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 09.12..2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2026 година**

Согласно Законот за локална самоуправа, јавното осветлување е во надлежност на Општината и ќе се реализира преку годишна програма. Содржината на годишната програма е во директна зависност од средствата што ќе се обезбедат за нејзина реализација. Финансирањето на оваа Програма е од средствата што се обезбедуваат преку уплата на такса за улично осветлување од граѓаните и средства од Општината собрани од други извори.

Со зголемувањето на цената на електричната енергија во услови на енергетска криза, и со големите сметки за уличното јавно осветлување општината беше приморана да бара поекономично решение за уличното осветлување.

За решавање на проблемот со уличното осветлување Општина Ранковце со Министерството за финансии потпиша договор за под-заем и грант за проект за јавно осветлување во Општина Ранковце за замена на уличните светилки со нови штедливи ЛЕД светилки во населените места во Општина Ранковце при што во 2024 година се заменети 409 уличните светилки со нови штедливи ЛЕД светилки.

Исто така со средства од УНДП (Швајцарска амбасада) и средства од буџетот на општина Ранковце е изградено улично осветлување во с. Ранковце и с. Псача каде се поставени 55 ЛЕД светилки во с.Ранковце и 33 ЛЕД светилки во с. Псача.

Исто така во 2025 година од сопствени средства се изгради улично осветлување во село Псача, село Гиновци и село Љубинци со штедливи ЛЕД светилки.

На постојното улично осветлување каде што дрвените бандери се дотраени и каде што нема доволно улични сијалици се планира да се изработи техничка документација за улично осветлување и каде не се заменети постојните сијалици со штедливи ЛЕД светилки ќе се вршат само работи на тековно одржување на замени на прегорени сијалици и други резервни делови.

П Р И Х О Д И :

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2026 година се планира да се реализира со средства од приходи од наплата на такса за улично осветлување од граѓани и средства од буџетот на општина Ранковце.

А К Т И В Н О С Т И :

Во тековната 2026 година се планираат следните активности:

1) Обновување и реконструкција на сијалични места и опрема за нормално функционирање на уличното осветлување за кое ќе бидат потрошени 200 000,00 денари и притоа ќе бидат набавени:
   - ЛЕД сијалици од 20 W
   - заштитни стакла
   - кабел за петта жица
   - бетонски столбови
   - и други резервни делови.
2) Замената на прегорени и оштетени делови го врши Општината со сопствени средства. За тековното одржување на уличното осветлување односно ангажирање на ЈКП „Чист Ден “ Ранковце ќе бидат потрошени средства од околу 50 000,00 денари.
3) Во тековната година се предвидува дека приближно 1.000 000,00 денари ќе се користат за плаќање на потрошена електрична енергија за улично осветлување.

**ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА – РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

1. **Очекувани приходи**

1.1.Приходи од наплата на такса за улично
осветлување од граѓани ............................................ 2.500.000,00 ден.
1.2.Средства од буџет на општина Ранковце ........ 850.000,00 ден.

---

**Вкупно: 3.350.000,00 ден.**

2. **Очекувани расходи**

2.1.Материјали за одржување на улично осветлување...... 200.000,00 ден
2.2.Ангажирање на фирма за замена и монтажа на
Уличното осветлување........................................................ 50.000,00 ден
2.3. Средства за потрошена електрична енергија............... 1.000.000,00 ден
2.4. Изработка на техничка документација за улично
Осветлување каде има потреба ............................................ 100.000,00 ден.

2.5. Изградба на улично осветлување ........................................ 2.000.000,00 ден

**Вкупно: 3.350.000,00 ден**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Ранковце", а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09-1502/9**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1541/8**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/2020, 11/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2026 година**

Врз основа на направена стручна анализа на реализација на донесените урбанистички планови за Општина Ранковце, како и потребата од изработка и донесување на урбанистички планови за населени места во општината каде истите не се донесени, а со цел задоволување на барањата и потребите на граѓаните и правните лица

од општина Ранковце и други места, со оваа Програма се предвидува изработка на урбанистички планови согласно член 10 став 1, точка 3 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/2020, 11/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) и тоа:

1. **Урбанистички план за село и урбанистички план за вон населено место:**

1.1. Довршување на постапката за урбанистичките планови за села кои се во постапка на донесување и тоа:

- урбанистички план за село Ранковце;
- урбанистички план за село Петралица;
- урбанистички план за село Гиновци;
- урбанистички план за село Псача;
- Изработка на Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ) за викенд населба во КО Милутинце, Општина Ранковце, финансиран од Друштво за производство и трговија БЕНТОМАК ДОО Гиновци од с. Гиновци

2. **Изработка на Урбанистички проект за потребите на општината и по барање на физички и правни лица**

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија, фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за производство на асфалт и бетон на катастарските парцели на к.п.бр.3811, к.п.бр.3823, к.п.бр.3824 и дел од к.п.бр.3820 КО Ранковце, Општина Ранковце финансиран од Друштво за производство, трговија и услуги БМБ ГРОУП ДООЕЛ Кратово со седиште во с. Крилатица, Општина Кратово.

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2-Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија, на дел од КП 4591/6, дел од КП 4591/2, дел од КП 290, дел од КП 291 и дел од КП 122/70 КО Псача, Општина Ранковце финансиран од Милица Петкова од Крива Паланка ул. „ Свети Јоаким Осоговски " бр.69;
- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр. 1305 КО Псача, Општина Ранковце, финансиран од Кире Станболиски од Скопје ул. „ Гоце Делчев " бр. 4/3,

Границите и содржината на планскиот опфат на плановите ќе се утврдуваат со Планска програма за секој плански документ која се состои од текстуален и графички дел.

Финансирањето на оваа Програма се врши од Буџетот на Општина Ранковце, а согласно предвидените средства во истиот за оваа намена.

Изработка на планови можат да се врши и по барање на заинтересирани правни и физички лица чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината и кои ја финансираат изработката на планот.

| Р.бр. | Назив на планот | Вкупно денари |
|---|---|---|
| 1. | Урбанистички план за село Ранковце (160 ха) | Плаќање преку СИПР |
| 2. | Урбанистички план за село Петралица (150 ха) | Плаќање преку СИПР |
| 3. | Ирбанистички план за село Гиновци (120 ха) | Плаќање преку СИПР |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Урбанистички план за село Псача (150 ха) | Плаќање преку СИПР |
| 5 | Иработка на Урбанистички проекти за потребите на општината | 2.000.000,00 денари |
| | Вкупно | 2.000.000,00 денари |

**Табеларен преглед на приходи:**

| Р.бр. | Извори на финансирање | Сума |
|---|---|---|
| 1. | Средства од Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој | Исплата преку СИПР |
| 2. | Средства од Буџет на Општина Ранковце | 2.000.000,00 денари |
| 3. | Средства од правни и физички лица | / |
| | Вкупно | 2.000.000,00 денари |

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 09-1502/10**
**09.12.2025 год**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/9**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/2015, 147/2015 и 31/16), член 41 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр.68/04, 71/04, 102/08,

143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), а согласно член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Ранковце ( „Службен гласник на Општина Ранковце бр. 9/05, 4/10, 3/11 и 11/15), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За одржување на јавна чистота на територијата**
**на Општина Ранковце за 2026 година**

## 1. СТРАТЕШКИ ДЕЛ

Програмата на Општина Ранковце за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење ( метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа Програма:

- Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување ( метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти ;
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работата за одржување на јавната чистота;
- Се утврдува надзорот во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање;

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Ранковце ќе ги опфати:

-јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, мостови, паркинг простори, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари).

Во спроведување на Програмата се изведуваат следните активности:

-рачно метење на јавни површини

-миење на јавните површини со цистерна

-рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови

-собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија

Со Програмата предвидено е одржување на јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, мостови, паркинг простори, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари), со ефективна површина од **38.067,00 м2/месечно.**

## 4.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Програмските активности за одржување на јавна чистота ќе ги изведува ЈКП „Чист Ден“ Ранковце од Ранковце.

## 5.АКТИВНОСТИ

При утврдувањето на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид : густина на населеност, фреквенција на граѓани и сообраќај, воспитно образовни објекти, како и степенот на уреденост на површината.

## 6. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### 6.1. Метење на јавни површини

**А) Метење на улици**

Метењето на улиците ќе се врши двапати неделно, и тоа во зимски период од 7,00 до 14,00 часот, во летен период од 4,00 до 11,00 часот.
Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавни површини.

| Улица | Опис | Временски период | Ефективна површина(м2)/месец |
|---|---|---|---|
| с. Ранковце | од М2 до ветеринарна станица | два пати во месец | 2 x 1.000,00 = **2.000,00** |
| с.Ранковце | Од ветеринарна станица до десетак | еднаш месечно | 1 x 2000,00 =**2.000,00 м2** |
| с.Ранковце | Од Полициска станица до Крајчина маала | еднаш месечно | 1 x 3000,00 =**3.000,00 м2** |
| с.Ранковце | Од ветеринарна станица до Крајчина маала | еднаш месечно | 1 x 2000,00 =**2.000,00 м2** |
| с.Ранковце | Улица кај спортски терени | еднаш месечно | 1 x 4000,00 =**4.000,00 м2** |
| с.Ранковце | Од М2 до амбуланта | два пати во месец | 2x 600,00 =**1.200,00 м2** |
| с.Ранковце | над амбуланта | еднаш месечно | 1 x 4000,00 =**4.000,00 м2** |
| с.Опила | Од М2 до мост на К.Река | еднаш месечно | 1 x 1.000,00 =**1.000,00 м2** |
| с. Гиновци | Од М2 до влез за Бентомак | еднаш месечно | 1 x 1.200,00=**1.200,00 м2** |
| с. Гиновци | Од М2 до Мива градба | еднаш месечно | 1 x 1.400,00=**1.400,00 м2** |
| с. Гиновци | Улица М2-Жел.пруга | еднаш месечно | 1 x 1.800,00=**1.800,00 м2** |
| с.Петралица | Од пошта до споменик | два пати во месец | 2 x 1.000,00=**2.000,00 м2** |
| с.Петралица-с.Одрено | А2-Одрено | еднаш годишно | 1 x 3.000,00=**3.000,00 м2** |
| с.Петралица | Трафостаница-Потрчин дол | еднаш месечно | 1 x 1.400,00=**1.400,00 м2** |
| с.Псача | Од М2 до училиште | еднаш месечно | 1 x1 000,00= **1.000,00 м2** |

| | |
|---|---|
| Вкупна површина на улици за метење за еден месец | **24.250,00 м2** |
| Вкупна површина на улици за метење годишно | **242.500,00 м2** |

**Б) Метење на плоштади и уредени отворени простори**

Метењето на плоштади и отворени простори ќе се врши согласно усвоен распоред и тоа во зимски период од 7,00 до 14,00 часот, во летен период од 4,00 до 11,00 часот.

Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавни површини.

| **Опис** | **Временски период** | **Ефективна површина (м2)/на месец** |
|---|---|---|
| Автобуска станица с.Ранковце | два пати месечно | 2 x 600,00 =**1.200,00 м2** |
| Зелен пазар с. Ранковце | четири пати месечно | 4x 1000,00 =**4.000,00 м2** |
| Сточен пазар с. Ранковце | еднаш месечно | 1 x 1.000,00 =**1.000,00 м2** |
| Уреден простор пред општина с. Ранковце | четири пати месечно | 4 x400,00 =**1.600,00 м2** |
| Спортски центар Ранковце | еднаш месечно | 1 x 3 000,00 =**3.000,00 м2** |
| Споменик Ранковце | двапати годишно | 2 x 100 /12=**17,00 м2** |
| Автобуска станица с. Псача | два пати месечно | 2 x 500,00 =**1.000,00 м2** |
| Автобуска станица с. Петралица | два пати месечно | 2 x 500,00 **1.000,00 м2** |
| Локалитет Чешма с. Гиновци | еднаш месечно | 1 x 100,00 =**100 ,00 м2** |
| Споменик на паднати борци с. Петралица | Еднаш на два месеци | 1 x 300,00/2 =**150,00 м2** |
| Парк с.Петралица | Еднаш месечно | 1 x 600,00 =**600,00 м2** |
| Споменик на паднати борци с. Псача | Еднаш на два месеци | 1 x 300,00/2=**150,00 м2** |
| **Вкупна површина за метење на плоштади и уредени отворени простор месечно** | | **13.817,00 м2** |
| **Вкупна површина за метење на плоштади и уредени отворени простори годишно** | | **165.804,00 м2** |

**6.2) МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

Миење на јавни површини се врши од 1 април до 31 октомври, а во период од 22,00 до 6,00 часот.

| **Опис** | **Временски период** | **Ефективна површина (м2)** |
|---|---|---|
| Уреден простор пред општина Ранковце | Еднаш неделно | 400,00 м2<br>4 x 400 = **1.600,00 м2** |

| | | |
|---|---|---|
| Улица од М2 до амбуланта во с. Ранковце | Еднаш неделно | 600,00 м2<br>4 x 600 =**2.400,00 м2** |

## 6.3) РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимскиот период доколку паѓа снег наместо ставка 6.1. од оваа Програма, изведувачот е должен рачно да го чисти снегот и мразот од улиците опишани во табелата

| Улица | Опис | Ефективна површина(м2) |
|---|---|---|
| с. Ранковце | од М2 до „Десетак“ | 3.000,00 м2 |
| с.Ранковце | од М2 до амбуланта | 600,00 м2 |
| с.Опила | Од М2 до мост на К.Река | 1.000,00 м2 |
| с. Гиновци | Од М2 до влез за Бентомак | 1.200,00 м2 |
| с.Петралица | Од пошта до споменик | 1.000,00 м2 |
| с.Псача | Од М2 до училиште | 1 000,00 м2 |

## 6.4. ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

**ЈКП „Чист Ден“** е должен да постапува и по издадени решенија од Општинскиот комунален инспектор и овластениот инспектор за животна средина за чистење на мини депонии, јавни површини и корнење, сечење, кастрење на дрва и грмушки кои се наоѓаат на локални патишта и јавни површини кои се надвор од Програмата, а кои се вонредно загадени и на кои е констатирано присуство на отпад од непознато потекло.

ЈКП „Чист Ден“ ќе врши чистење на просторот веднаш по одржување на јавни манифестации кои ги организира Општина Ранковце.

ЈКП „Чист Ден“ е должен да врши отстранување на некролози, плакати и постерите од улични столбови и дрвја со датум постар од две седмици.

## 7. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Со оваа Програма предвидено е вкупно одржување на јавни површини и тоа:

| | | | Површина | Вкупно предвиден м2/месечно | Ед. цена | Вкупно ден /месечно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метење | улици | 24.400,00 м2 | 24.250,00 м2 | 0.8 ден/м2 | 19.400,00 денари |
| | | Плоштади и уредени отв простори | 8.400,00 м2 | 13.817,00 м2 | 0.8 ден/м2 | 11.054,00 денари |
| 2. | Миење на јавни површини | улици | 600,00 м2 | 2.400,00 м2 | 0.8 ден/м2 | 1.920,00 денари |
| | | Плоштади и уредени отворени простори | 400,00 м2 | 1.600,00 м2 | 0.8 ден/м2 | 1.280,00 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Рачно чистење на мраз и снег од улици | Улици | 7.800,00 | По потреба | / | / |

**Посебна активност според потреба**:
-Сечење и одстранување на дрва од јавни површини по решенија донесени од комунален инспектор
**( 1.000 ден. од исечено дрво)............................паушал = 10.000,00ден**

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од надоместокот за одржување на јавна чистота, кој согласно Законот за јавна чистота се средства на општината за финансирање на одржувањето на јавната чистота.

Висината на надоместокот, согласно обемот и активностите предвидени со Програмата за 2026 година изнесува **30 денари** по домаќинство и **80 денари** од правни лица.

Вкупно предвидени средства од надомест за одржување на јавна чистота, согласно со моменталниот број на регистрирани корисници( физички лица-834 и правни лица-44) на оваа услуга се 28.540,00 денари месечно, односно 342.480,00 денари годишно.

Одржувањето на јавната чистота чини 0,8 денар/м2.
Во утврдување на цената, работната рака учествува со 80%, а материјалните трошоци со 20 %.

За целосно реализирање на активностите предвидени со оваа Програма потребни се финансиски средства во висина од **33.654,00** денари **месечно** или **403.848,00** денари **годишно**, кои ќе бидат обезбедени од надоместокот за јавна чистота, а исто така за реализација на Програмата се наменети и средствата добиени од глоби наплатени по Законот за јавна чистота, како и извршувањето на општокорисната работа.

За реализација и финансирање на оваа Програма, Општина Ранковце ќе склучи Договор со ЈКП „Чист Ден“, кој ќе врши месечно задолжување со доставување на фактура.

## 8.НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на Програмата врши општинскиот комунален инспектор.

За спроведените активности на терен изведувачот е должен да доставува месечни извештаи за работата, а на крајот на годината ќе доставува извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Ранковце.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник “ на Општина Ранковце, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09-1502/11**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен

гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за активностите на Општина Ранковце во областа на спорт и култура за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спорт и култура за 2026 година, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спорт и култура за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/10**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 , точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 7 точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и член 13, точка 5 од Статутот на Општина Ранковце („Сл. гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 03/11, 11/15, 04/19 и 05/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 09.12.2025 година ја донесе

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Ранковце во областа на спорт и култура за 2026 година**

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Активен учество на Општина Ранковце во создавање услови за развој, зачувување и афирмирање на духовното и културно наследство на општината и регионот.
- Мапирање, афирмирање и зачувување на културното наследство и идентитет на Општина Ранковце.
- Создавање услови за развој, афирмација и популаризација на културата и зачваувување на традиционалните материјални и нематеријални обележја на поднебјето .
- Популаризација , потикнување и развој на спортот и спортските настани во општината.
- Воведување нови форми и содржини за развој на културата и културно творење и изразување.

II.АКТИВНОСТИ

Општина Ранковце во областа на културата активно ќе учествува во поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Реализирање на манифестации, настани , програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Ранковце ;
- Воспоставување и потикнување на меѓуопштинаска и меѓународна спортска и културна соработка :
- Иницирање и подршка за формирање и функционирање на спорспортски клубови и културно уметнички здруженија
- Соработка со институции , здруженија , асоцијации и фондации од областа на спортот и културата за зајакнување , заштита и афирмирање на културното наследство и спортот на локално ниво

**Одбележување на празници , манифестации , спортски настани и активности**

| р.б | празници , манифестации и настани | активности | организатори коорганизатори | извори на финансирање | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | средства од буџет на ЕЛС во МКД | средства од други извори во МКД |
| | Јануари | | | | |
| 1 | Бадник 05-06 јануари<br>Одбележување на празникот Бадник со берење на бадниково дрво; палење на коледарски оган; избор на кум , мали коледарчиња | организациски активности учесници и логистика; обезбедување на бадникова паричка ; - промоција на настан | Општина и Месните Заедници | 50.000,00 | |
| 2 | Водици (19 јануари ) Организирање на осветување на водите во Општина Ранковце со фрлање на светиот крст | организациски активности учесници и логистика; подароци за лицето кои ќе го фатат крстот -Обезбедување на чај и топла ракија | Општина Ранковце , МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско и МЗ | 30.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | февруари | | | | |
| 3 | Св.Трифун закројување на винова лоза и избор на кум за организирање на настан за следна година | подршка на организација на настан логистика како и промоција на настан | Општина Ранковце , МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско и МЗ | 10.000,00 | |
| | Април | | | | |
| 4 | Ден на шегата маскенбал со учество на деца од предучилишна возраст и ученици за избор на најдобри маски | логистика во организација на настан , промоција на настан и симболични награди за учесниците | ЦООУ „Х.Т.Карпош„Ранковце и Општина Ранковце | 10.000,00 | |
| 5 | Ден на ромите Ромите се дел од нашата заедница (8 април ) | логистика во организација на настан , промоција на настан | Организација на ромите и Општина Ранковце | 20.000,00 | |
| 6 | Велигденски хепенинг за избор на најдобро украсено велигденско јајце и декорација | логистика во организација на настан , промоција на настан и симболични награда за прворангирани | ЦООУ „Х.Т.Карпош„Ранковце и Општина Ранковце | 10.000,00 | |
| 7 | Ден на борецот на општина Ранковце (27 април во село Ранковце ) | логистика во организација на настан , прием на претставници од здружение на борци и полагање на цвеќе на споменикот во Ранковце | Здружение на борци и Општина Ранковце | 5.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Мај | | | | |
| 8 | Турнир во мал фудбал во Ранковце „Звонко Црногорец“ | логистика во организација на турнир во мал фудбал | Општина Ранковце и МЗ Ранковце | 20.000,00 | |
| 9 | Ѓурѓовденски собир во чест на патронот на црквата Св.Ѓорѓија во село Петралица | логистика во организација на свечена програма по повод на настанот | Општина Ранковце и МЗ Петралица | 10.000,00 | |
| 10 | Ден на победа над фашизмот<br>дата : 9 –ти мај<br>(Ден на Европа ) | логистика во организација на настан и полагање на цвеќе на споменикот во село Петралица | Здружение на борци и Општина Ранковце | 5.000,00 | |
| 11 | Ден на пожарникарите 20-ти мај | организација на настан и<br>логистика;<br>продукти и<br>материјали за показна вежба во организација на ТППЕ и коктел | Општина Ранковце<br>ТППЕ Ранковце | 30.000,00 | |
| 12 | Ден на просветните работници 24 мај | логистика во организација на свечена програма и<br>доделување на награди за<br>најистакнат просветен работник и<br>најдобар ученик | ЦООУ „Х.Т.Карпош„Ранковце<br>и Општина Ранковце | 10.000,00 | |
| | јуни | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Отошнички собир по повод царКонстантин и царица Елена на 03 јуни во село Отошница | логистика во организација на свечена програма по повод на настанот | Општина Ранковце и МЗ Отошница | 10.000,00 | |
| 14 | Среќно полуматуранти | логистика во организација на свечена настан по повод полуматира за учениците од ООУ „Х.Т.Карпош„Ранковце | ЦООУ „Х.Т.Карпош„Ранковце и Општина Ранковце | 35.000,00 | |
| 15 | Духовденски собир на котлев крст во село Петралица на 04.06.2023 год | логистика во организација на свечена програма по повод на настанот | Општина Ранковце и МЗ Петралица и Дени Интернационали | 10.000,00 | |
| 16 | Духовденски собир во село Пклиште на 04.06.2023 год | логистика во организација на свечена програма по повод на настанот | Општина Ранковце | 10.000,00 | |
| | јули | | | | |
| 17 | Регионален турнир во мал фудбал во село Петралица | логистика во организација на турнир во мал фудбал | Општина Ранковце и МЗ Петралица и МЗ Гиновци | 20.000,00 | |
| | август | | | | |
| 18 | Илинденски собири по повод 2-ри август ИЛИНДЕН во селата Гулинци и Опила вечерта на 1- ви август | организација и логистика; промоција на настанот | Општина Ранковце и МЗ Опила, Гулинци, Петралица и Псача | 40.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во село Псача и Петралица на 2 – ри август | | | | |
| 19 | Собир по повод Св. Марија Магдалина Камнешки крст во с.Ранковце на 04.08.2026 | организација и логистика; промоција на настанот | Општина Ранковце , МЗ Ранковце ои организатори на настанот | 10.000,00 | |
| 20 | Радибушки собир за поклонение на Св.Петка | организација и логистика; промоција на настанот | Општина Ранковце , МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско и МЗ Радибуш | 10.000,00, | |
| 21 | Макавејски собирб 14 август во село Герман | организација и логистика; промоција на настанот | Општина Ранковце , МЗ Герман , | 10.000,00 | |
| | Септември | | | | |
| 22 | Добредојдовте првачиња (1 сепември ) | логистика во организација на свечена приредба , промоција на настан и симболични подароци за првачињата за добредојде | ЦООУ „Х.Т.Карпош,„Ранковце и Општина Ранковце | 30.000,00 | |
| 23 | 8-ми Септември ден на независноста | организација и промоција на настанот | Општина Ранковце | 10.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Празник на општина Ранковце Маала Богородица, на 21 септември ( 20 септември ) | организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | Општина Ранковце | 120.000,00 | |
| | Октомври | | | | |
| 25 | Децата се нашата иднина (детска недела -прва седмица во октомври ) | организација и логистика во приредба за првачиња ; децата цртат и спортуват ; децата во посета на институциите ,<br>- продукти и<br>- промотивен материјал | ЦООУ „Х.Т.Карпош„Ранковце<br>и Општина Ранковце | 10.000,00 | |
| 26 | 11 Октомври - Ден на народното востание | логистика во организација на настан и полагање на цвеќе на споменикот во село Псача | Здружение на борци и Општина Ранковце | 5.000,00 | |
| 27 | Руралната жена , Меѓународен ден на рурална жена 15 октомври | организација и логистика;<br>- продукти и<br>- промотивен материјал; | Општина Ранковце , Пинк Суппорт | 60.000,00 | |
| | Декември | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Сите сме еднакви , заедно се забавуваме ( 3 декември ден на лицата со попреченост ) | организација и логистика;<br>- продукти и<br>- промотивен материјал; | Општина Ранковце , Пинк Суппорт и Хендикеп плус | 20.000,00 | |
| 29 | Чествување на празникот Св.Никола ( на 19 декември во село Гиновци ) | организација и логистика; промоција на настанот | Општина Ранковце и МЗ Гиновци | 10.000,00 | |
| 30 | Новогодишен базар | организација и логистика; промоција на настанот | Општина Ранковце, ЦООУ „Х.Т.Карпош„Ранковце, Здруженија на граѓани и НВО | 30.000,00 | |
| 31 | Поддршка на програмски активности на локални спортски клубови и здруженија | организација и логистика;<br>набавка на спотрски реквизити | Општина Ранковце<br>Здруженија од областа на спортот | 160.000,00 | |
| 32 | Поддршка на програмски активности на културно уметнички здруженија | организација и логистика за настани од областа на културата | Општина Ранковце<br>Здруженија од областа на културата | 50.000,00 | |
| | **ВКУПНО** | | | **870.000,00** | |

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата и спортот утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Ранковце предвидени за 2026 година, во вредност од 870.000,00 денари , односно од Програмата К4 –Културни

манифестации и творештвосо вредност од 670.000,00 денари и Програмата ЛО -Спорт и рекреација со вредност од 200.000,00 денари
По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

IV.СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на Програмата на Општина Ранковце во областа на спортот и културта за 2026 година е во надлежност на Градоначалникот на Општина Ранковце, преку Одделението за Урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, локален економски развој и јавни дејности, Одделението за Финансиски прашања и Одделението за општи и правни работи.
Средствата наменети со Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на спорт и култура за 2026 година ќе се доделуваат во тек на годината по поднесено барањен од органозаторот / здружението на спортски и културни настани и одобрено барање од страна на Градоначалникот на Општина Ранковце.

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Службен гласник на Општина Ранковце”, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09-1502/12**
**09.12.2025 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за решавање на проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за решавање на проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Програмата за решавање на проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/11**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр 5/02), член 28 од Законот за благосостојба и заштита на животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За решавање на проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година**

## 1.ВОВЕД

Оваа програма е произлезена како обврска од Законот за благосостојба и заштита на животни и има за цел да ги утврди активностите за третирање на кучиња скитници, условите, организацијата, обемот на извршувањето како и начинот на финансирање на потребните активности.
Донесувањето на оваа Програма е поврзано и со зголемено присуство на кучиња скитници и од потребата за контрола на нивниот број на единствен можен и препорачан хуман начин на третирање на овие животни што е вградено и во Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Ранковце.
Хуманиот начин на третирање на животните кучиња скитници подразбира стерилизација на здравите животни и создавање услови за нивен хуман понатамошен третман од една страна и еутаназија на оние животни кои ги исполнуваат критериумите препорачани во членовите 26, 27, 28, 29, 30 и 31 од Законот за благосостојба и заштита на животни („Службен весник на РМ" бр.149/14, 149/15 и 53/16).

## 2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Програма за решавање на проблемот со животните кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце е заснована на нивната перманентна контрола на Подрачјето на целата Општина.
Програмата за решавање на проблемот од зголемено присуство на кучињата скитници ги предвидува следниве активности:
заловување на животните ;
нивни транспорт до стационар ;
вакцинација и дехелментација ;
прием и ветеринарен клинички преглед ;
идентификација, чипирање и водење евиденција ;
кастрација ;
постоперативно сместување и третирање ;
повик кампања за домување ;
транспорт односно враќање на животните до местото на заловување и нивно ослободување ;
еутаназија на болни и опасни по средината животни ;
Постапката на наведените активности ќе ја спроведува економски оператор кој ги исполнува условите за вршење на овој вид на дејнос, со регистрирано прифатилиште во Република Македонија, со кој ќе биде склучен Договор.

### 2.1. Заловување и транспорт

Заловувањето и транспортот на кучињата скитници ке го спроведуваат специјално оспособени работници на избраниот економски оператор за заловување на бездомните кучиња кои треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и со соодветна опрема од типот на : јамки и мрежи за заловување, дувалки за застрелување со средства за времено успивање, корпи и кафези за заловување и транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.
Заловувањето на кучиња скитници се врши во присуство на претставник на Општината определен од страна на Градоначалникот. За заловените кучиња се изготвува записник во кој се заведува бројната состојба на заловените кучиња скитници, место на заловување, пол, раса, знаци и обележја на кучето и евидентна болест или повреда.
Заловувањето на кучињата ке се спроведува во рани утрински часови кога присуството и движење на луѓе и возила по улиците е минимално. Секое заловено куче времено ке се маркира и истото ке се фотографира. Фотографиите ке служат за идентификација на кучињата од сопственици доколку некое од кучињата е изгубено од страна на сопственик или пак самото куче побегнало од дома.
Транспортот од местото на заловување до стационарот ќе се врши со специјално возило опремено со соодветни кафези за сместување на кучињата скитници.Транспортот ке се спроведува рано наутро при што службата за заловување треба да обезбеди во кафезот да има вентилација и струење на воздух и колку што е можно да се избегнува непотребно задржување по патот до стационарот.
Службата за заловување и транспорт на кучињата скитници во возилото задолжително треба да поседува налог, товарен лист и записник од комунален инспектор.
Униформите и возилото треба видно да се обележани со натпис „Служба за бездомни кучиња” .

**2.2.Стационар и медицински третман**

Стационар е објект за прифаќање и третирање на кучињата скитници, лоциран надвор од потесното градско подрачје опремен со соодветни простории за медицински третман потоа кафези или боксови за сместување на животните односно ги поседува сите услови предвидени со закон и подзаконски акти и истиот треба да има дозвола за работа од соодветен надлежен орган.
Стационарот односно прифатилиштето да е регистрирано од надлежен орган агенција за храна и ветеринарство и истиот редовно да се контролира од надлежен официјален ветеринар.
Во Стационарот веднаш по пристигнување на кучињата скитници истите треба задолжително да се евидентираат и заведуваат односно за истите да се отвори евидентен лист. Воедно сите пристигнати кучиња се прегледуваат, проверуваат дали имаат микрочип и истите се вакцинираат против беснило и други болести, потоа се врши дехелментација односно кастрирање, а доколку не се обележани се бележат со ушна маркица и се фотографираат.
Доктор по ветеринарна медицина е одговорен за здравствената состојба на кучињата скитници во прифатилиштето. Исто така врши рангирање и проценка на кучињата односно на нивната состојба со посебен осврт и внимание на агресивноста, староста и здравствената состојба со тоа што за старите, агресивни и болни кучиња скитници на овластената служба препорачува еутаназија на истите, додека здравите кучиња скитници се сместуваат во посебни боксови во кои на соодветни табли се запишани основни податоци. За овие кучиња потребно е обезбедување на храна и вода.

**2.3. Еутаназија**

Еутаназија на кучиња скитници се спроведува од соодветната служба по дадена препорака и записничка констатација врз основа на комисиска проценка на стручни лица од ДВМ како второ мислење покрај мислењето на надлежниот ветеринарен доктор.
Комисиска проценка како второ мислење не се бара:

- во сите случаи кога за тоа е утврдено од надлежно министерство во согласност со важечките закони и наредби (како во случај на појава на епидемии и заразни болести);
- при дијагностицирање на болести за кои по мислење надоктор по ветеринарна медицина третманот е веројатна причина за безпотребна болка и страдање;
- ветеринарнамедицина третманот нема да биде ефикасен за да овозможи понатамошен прифатлив квалитет на живот на животното;
- во случај на старост кога животното неможе само да се носи со животот односно кога животната кондиција е таква односно неговата состојба исклучува секаква надеж за продолжување на животот на животното па така еутаназијата ке го превентира страдањето;
- кога темераментот на животното е таков што предизвикува непосредна опасност за околината.

  Еутаназијата ќе се спроведува на начин определен со закон како и нивното отстранување.

**2.4.Стерилизација (кастрација)**

Стерилизацијата ке се спроведува како мерка за намалување односто за контрола на кучињата скитници. Стерилизацијата на женските и машките кучиња скитници ке се врши после детален ветеринарен преглед. Сите кучиња кои по мислење на докторот по ветеринарна медицина ќе ги исполнат критериумите за кастрирање ќе се оперираат односно стерилизираат
По завршената операција оперираните кучиња се сместуваат во соодветен оддел на прифатилиштето каде што престојуваат од 5-7 дена до зараснувањето на оперативната рана.
Пред операцијата за кастрирање за време на анестезијата кучињата се маркираат на увото и на истите им се вградува соодветен микро чип на увото, а потоа маркираниот број и серискиот број на микрочипот се заведуваат во матичната евиденција.
Во постоперативниот период кучињата се сместуваат во наменските кафези односно боксови каде се врши редовно хранење и истите се под постојан надзор од соодветната служба.
Боксовите во стационарот редовно се чистат, на истите редовно се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба односно на шест месеци се спроведува и дератизација на целиот простор на стационарот.
Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши здравствен преглед и процена на состојбата а по потреба врз основа на проценка се спроведува и тест за социјализација на одредени кучиња.Кучињата се враќаат на приближно истата локација од каде што претходно биле заловени.
Пред да бидат вратени на местото на заловување задолжително истите се испитуваат од Лашманиоза.
Исто така пред пуштањето на кучињата скитници од страна на определен орган на општината се спроведува повик до граѓаните за можност за згрижување на заловените и истретирани животни.

## 3.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Со оваа програма се предвидува заловување и третирање на кучиња скитници во наредната 2026 година, односно со оваа програма се предвидува заловување и третирање на повеќе кучиња.
Активностите ќе се одвиваат два пати во текот на годината и по потреба во случај на пријава од граѓани за агресивни кучиња скитници.
Активностите за заловување ќе се спроведуваат во две нивоа на активности и тоа како дневни во кои ќе се извршуваат редовни увиди и контроли за евидентирање и пратење на опфатот на движење на кучиња скитници и ноќни
Активности кои ќе се спроведуваат во доцните ноќни часови односно пред се во раните утрински часови кога ќе се спроведува заловување на кучињата скитници.
Во моментов во Општина Ранковце нема стационар прифатилиште поради што од тие причини потребните услуги за третирање на кучињата скитници ќе се спроведуваат во прифатилиштата на економските оператори се до моментот на изградба на прифатилиште на подрачјето на Општина Ранковце.

## 4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирање на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година. Проектираните потребни средства за реализација на програмата изнесуваат 200.000,00 денари со ДДВ.
Плаќањето на избраниот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 5.НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа Програма ќе биде Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, лер и јавни дејности врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Ранковце.
Извршител на Програмата ќе биде економски оператор кој поседува лиценца за вршење на наведените активности издадена од соодветен државен орган.
Носителот на активностите од оваа Програма годишно доставува извештај за реализација на Програмата на крајот од годината до Советот на Општина Ранковце.

## 6. НАДЗОР

Надзор за извршување на програмата врши Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, лер и јавни дејности.
Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор преку Овластениот комунален инспектор.
Целокупната работа на активностите на Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце и на Економскиот оператор за заловување и третирање на кучињата скитници е под надзор и на Агенцијата за храна и ветеринарство.

## 7. ИЗВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Ранковце", ", а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 09-1502/13**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на општина Ранковце**
**Председател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи за извршување на Буџетот на Општина Ранковце К1,К2,К3, за трет квартал донесен на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи за извршување на Буџетот на Општина Ранковце К1,К2,К3, за трет квартал , да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/12**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.22/24 ) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 3-та седница одржана на ден 09. 12. 2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВААТ Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2025 година.

2. Составен дел на овој Заклучок се Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2025 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1502/14**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за неодобрување на финанасиски средства**

1. Се прогласува Одлуката за неодобрување на финансиски средства, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Одлуката за неодобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1541/13**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Здружение за развој и унапредување на туризам, земјоделие и сточарство ЗОРА РАНКОВЦЕ од Ранковце бр.03-12/25 од 14.11.2025 година, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-1416/1 од 14.11.2025 година, Советот на Општина Ранковце на 3-та седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за неодобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се одбива Барањето поднесено од Здружение за развој и унапредување на туризам, земјоделие и сточарство ЗОРА РАНКОВЦЕ од Ранковце бр.03-12/25 од 14.11.2025 година за одобрување на средства за организирање на настани наведени во истото, односно не се одобруваат финансиски средства за организирање на настаните наведени во барањето.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1502/15**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за одобрување на финанасиски средства**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 09.12.2025 година.
2. Одлуката за одобрување на финансиски средства , да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1541/14**
**12.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Јасмин Трајковски од село Ранковце, Општина Ранковце, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-1371/1/1 од 05.11.2025 година, Советот на Општина Ранковце на 3-та седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се одобрува исплата на финансиски средства во износ на 80.000,00 (осумдесет илјади денари) на Јасмин Трајковски од село Ранковце, Општина Ранковце, роден 15.05.1990 година, како финансиска помош за лекување.

**Член 2**

Финансиските средства од член еден на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на општина Ранковце, од програмата АО-Совет на Општина, категорија 47 Социјални бенефиции, ставка 471 Социјални надоместоци, подставка 471110 Социјална парична помош на трансакциска сметка на Јасмин Трајковски од село Ранковце, Општина Ранковце.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ранковце да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1502/15**
**09.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


1. **Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година**
2. **Одлука за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2026 година**
3. **Заклучок за прогласување на Одлука за разрешување и именување на Командат на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце**
4. **Одлука За разрешување и именување на Командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце**
5. **Заклучок за прогласување на Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година**
6. **Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2025 година**
7. **Заклучок за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во Општина Ранковце за 2026 година**
8. **Програма за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2026 година**
9. **Заклучок за прогласување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2026 година**
10. **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2026 година**
11. **Заклучок за прогласување на Програма за активностите на Општина Ранковце во областа на заштита на животната средина во 2026 година**
12. **Програма за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2026 година**
13. **Заклучок за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2026 година**
14. **Програма за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Ранковце за 2026 година**
15. **Заклучок за прогласување на Програма за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2026 година**
16. **Програма за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2026 година**
17. **Заклучок за прогласување на Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2026 година**
18. **Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2026 година**
19. **Заклучок за прогласување на Програма за активностите на Општина Ранковце во областа на спорт и култура за 2026 година**
20. **Предлог ПРОГРАМА за активностите на Општина Ранковце во областа на спорт и култура за 2026 година**
21. **Заклучок за прогласување на Програма за решавање на проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година**
22. **Програма за решавање на проблемот со кучињата скитници на подрачјето наОпштина Ранковце за 2026 година**

**23. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал**
**24. Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2025 година**
**25. Заклучок за прогласување на Одлука за неодобрување на финанасиски средства**
**26. Одлука за неодобрување на финансиски средства**
**27. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финанасиски средства**
**28. Одлука за одобрување на финансиски средства**